Врз основа на член 20, член 25 и член 6 од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер (Сл. весник на РС Македонија бр. 101/19), во врска со поднесеното барање преку е-пошта од 10.12.2025 година Златко Боцески, ул. Кирил и Методиј 2, Прилеп, Операторот на електропреносниот систем на Република Северна Македонија, Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје (како имател на информации) го донесе следното:

Оператор на електропреносниот систем на Република Северна Македонија
Акционерско друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје
Operatori i sistemit elektrotransmetues i Republikës së Maqedonisë së Veriut
Shoqëri aksionare për transmetim të energjisë elektrike dhe menaxhim me sistemin elektroenergjetik, në pronësi shtetërore, Shkup
Бр.-Nr. 02-6955/1
29.12.2025 год.-viti
СКОПЈЕ - SHKUP

## РЕШЕНИЕ

**СЕ ПРИФАЌА** барањето од Златко Боцески, ул. Кирил и Методиј 2, Прилеп за пристап до информации од јавен карактер.

Му се овозможува на барателот Златко Боцески, ул. Кирил и Методиј 2, Прилеп, делумно да се запознае со содржината на бараната информација во форма на електронски запис, по електронска пошта.

### Образложение

Барателот на информацијата – Златко Боцески, ул. Кирил и Методиј 2, Прилеп на ден 10.12.2025 година до Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје поднесе барање со кое ги бараат следните информации од јавен карактер:

1. Точниот час на настанување на прекинот во преносниот систем на МЕПСО кој довел до прекин на снабдувањето во Општина Прилеп.
2. Точниот час на нормализирање на снабдувањето (целосно воспоставување на преносот кон ЕВН Дистрибуција).
3. Опис на причината за прекинот.
4. Дали прекинот бил во надлежност на МЕПСО, и ако да – дали е класифициран како дефект, хаварија или планирана интервенција.

Информацијата ја бараат во фотокопија/ електронски запис, по е-маил/ пошта.

Имателот на информации – АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје по разгледување на барањата одговори позитивно и смета дека бараните податоци се од јавен интерес.

Врз основа на изнесеното, се одлучи како во диспозитивот на Решението.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**ПРИЛОГ:** Одговор на бараните прашања

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова Решение барателот на информации од јавен карактер има право на жалба до Агенцијата за заштита на правото на слободен пристап до информациите од јавен карактер во рок од 15 дена од приемот на Решението.

**АД МЕПСО во државна сопственост, Скопје**
**Генерален директор,**
**Doc. Dr. Burim Latifi**

Службени лица за посредување со ИЈК
Виолета Зајкова Стојановска
Андреј Јосифовски

Д-но
- Барател
- Службени лица за посредување со ИЈК
- Архива

**ПРИЛОГ – Одговори на бараните прашања**

**Прашање 1:** Точниот час на настанување на прекинот во електропреносниот систем на МЕПСО кој довел до прекин на снабдувањето во Општина Прилеп.
**Одговор:** Време на испад на 110 kV ДВ ТС Прилеп 1 – ТС Кавадарци ( 30.10. 2025 год. во 18:06 h – според електронскиот дневник во НДЦ и податоците од СКАДА )

**Прашање 2:** Точниот час на нормализирање на снабдувањето (целосно воспоставување на преносот кон ЕВН Дистрибуција).
**Одговор:** Време на вклучување на ДВ 110 kV ТС Прилеп 1 – ТС Кавадарци и ставање на истиот под напон ( 31.10.2025 год. во 00:08 h– според електронскиот дневник во НДЦ и податоците од СКАДА) .
Со вклучување на 110 kV вод ДВ ТС Прилеп 1 – ТС Кавадарци и ставање на истиот под напон во 00:08 h, ТС Прилеп 1 повторно е ставена под напон и поврзана на електропреносниот систем со што се овозможува непречена работа и предавање на електрична енергија према дистрибуривниот систем на ЕВН_Дистрибуција.

**Прашање 3:** Опис на причината за прекинот
**Одговор:** Причина за 6 часовниот прекин во снабдување со електрична енергија на Прилеп и околните населени места е поради прекин на фазен спроводник по траса од далекуводот. Со оглед на тоа што ТС Прилеп 1 во тој период е еднострано приклучена на електропреносниот систем, испадот и дефектот предизвикаа 6 часовна безнапонска состојба.

**Прашање 4:** Дали прекинот бил во надлежност на МЕПСО, и ако да – дали е класифициран како дефект, хаварија или планирана интервенција.
**Одговор:** Да, прекинот на 30/31.10.2025 во период од 18:08 до 00:08 е во надлежност на АД МЕПСО.
Причината за прекинот во снабдување е поради непланирани активности, дефект на фазен спроводник на 110 kV далековод ДВ ТС Прилеп 1 – ТС Кавадарци.